

# МЛАДИТЕ И МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СИЛЕН ПАРТНЕР НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

-

## Зголемување на учеството на младите во процесите на локално донесување на одлуките!

**РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ**

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

СТРУМИЦА

## *Содржина*

Предговор....................................................................................................................................3

Методологија..............................................................................................................................4

Резултати од истражување.......................................................................................................5

Заклучоци...................................................................................................................................12

Препораки...................................................................................................................................13

## *Предговор*

Центарот за истражување и анализи НОВУС во рамките на проектот „Младите и младинските организации – силен партнер на општина Струмица“ којшто е целосно поддржан од општина Струмица во рамките на G1 програмата за 2017 година реализираше и спроведе истражување за тоа дали граѓаните и младите се запознати со процесите на донесување на одлуки на локално ниво, дали досега учествувале во креирање на локална политика и дали им се познати инструментите кои овозможуваат вклучување во процесите на донесување на одлуки, особено во време на политичка транзиција, демократија и политички турбуленции.

Примарна цел на овој проект е исполнување на дел од Стратегијата за млади на општина Струмица 2015-2020 година со посебен акцент на зголемување на улогата на младите и младинските органзации како силен партнер на општината и зголемување на учеството на младите во процесите на локално донесување на одлуките, како дел од утврдените приоритети во самата стратегија, особено во време на транзиција на државата, градење на демократијата и почитување на човековите права и во таа насока влијанието на младите врз демократските и политичките процеси.

Секундарна цел е да се зајакнат капацитети на младите, да се интензивира соработката меѓу граѓанските организации во рамките на мерките 1.1 Програма за развој на младински иницијативи, 1.2 Креирање модели за комуникација со организациите на младите, 1.3 Мерки за вклучување на младите од градот Струмица и од руралните средини во проектите, 2.1 Воспоставување нови методи и концепти за вклученост на младите во процесот на одлучување и креаторите на локалните политики со цел превземање на соодветни акции кои ќе придонесуваат кон подобрена социо-економска положба на младите во општина Струмица.

Покрај ова, со овој проект ќе се настојува да се зајакне и улогата на младите и младинските организации во креирањето на локалните политики во функција на силен коректив на власта, заради еднакви можности на младите гледано од родов аспект во сите сегменти на вклученост во процесот на градењето на општина по мерка на граѓаните.

## ***Методологија***

Методологијата на истражувањето е креирана на тој начин што опфати 260 испитаници преку анкетни прашалници и тоа од различни возрасни групи, националности, образование, пол и место на живеење со цел да добиеме јасна слика дали граѓаните и младите се запознати со процесите на донесување на одлуки на локално ниво.

Покрај ова, предмет на истражување беше и дали досега младите учествувале во креирање на локална политика и дали им се познати инструментите кои овозможуваат вклучување во процесите на донесување на одлуки, особено во време на политичка транзиција, демократија и политички турбуленции.

Истражувањето беше спроведено преку интернет и теренски по случаен избор во општина Струмица, вклучително и населените места што гравитираат околу Струмица. Истражувањето траеше од 1 Јуни до 31 Август

## *Резултати:*

Анкетирањето беше спроведено во период од 1 Јуни до 31 Август на репрезентативен примерок од 212 испитаници земајќи ги во предвид сите демографски карактеристики за популацијата на општина Струмица. Прашалникот беше составен од полуструктуирани и отворени прашања, дистрибуцијата беше по електронски пат ( е-анкета) како и теренски по случаен избор на граѓаните во тврда копија, на различни локации во градот и селата.

Во истражувањето беше застапена родовата еднаквост, односно подеднакво учествуваа и **мажи 106 испитаници ( 50%) и жени 106 испитаници (50%).**




Според возраста, наголем процент на испитаници имавме во старосната група од 18 до 25 што и соодветсвува со актуелната ситуација со популацијата во општината. Заедно со групата од 26 до 31 година сочинуваат 69 проценти од вкупниот број на испитаници. Во првата група имаме 74 испитаници или 34,9%. Во втората старосна група од 26 до 31 година имаме 73 испитаници или 34,4%, во третата од 32 до 37 имаме 35 испитаници или 16,5%. Остатокот од сите испитаници е распределен во старосните групи од 38 па нагоре и тие сочинуваат вкупно 14,1% или 30 испитаници од вкупниот број на испитаници. Анкетниот прашалник беше распределен на тој начин да опфати пто поголем број на лица во првите три старосни групи заради тоа што станува збор за конкретна проблематика која што ги тангира младите луѓе.




Во истражувањето беше земено во предвид и местото на живеење затоа и истото беше спроведувано и во градот и во населените места кои спаѓаат под општината. Од испитаниците 170 или 80,2% живеат во град , додека остатокот 42 испитаници 19,8% живеат во населено место.




Во однос на образованието најголем дел од испитаниците беа со средно и високо образование. Како такви 18 или 8,5% од испитаниците беа без образование, 18 или 8,5% беа со основно образование, 71 испитаник или 33,5% со средно образование, 79 или 37,3 со високо образование, 24 испитаници или 11,3 % од вкупниот број со магистратура и 2 испитаници или 0,9% со завршени докторски студии.



Покрај останатите ја опфативме и националната припадност како демографска каратеристика која е апликабилна за популацијата во општина Струмица, каде од анкетираните 188 или 88,7 % се Македонци, 23 од примерокот или 10,8 % се Турци и 1 испитаник или 0,5




други.

Првото прашање **"Дали знаете на кој начин може да се информирате за своите права?"** од анектниот прашалник се однесуваше на тоа дали испитаниците ги знаат изворите на овие информации. Одговорите што ги добивме овде се поделени во однос на тоа дали истите се потврдни или негативни. Од испитаниците **112** или **52,8%** одговорија дека знаат од каде можат да го направат тоа , додека остатокот од **100** испитаници или **47,2%** одговорија дека не знаат како да се информираат за своите права.




Како потпрашање на првото прашање на испитаниците кои имаа позитивно одговорено на истото, беше поставено **"Од каде се информирате?".** Најчестите одговори овде беа дека младите се информираат најмногу преку Интернетот, медиуми, институциите, Уставот на Р.Македонија, законите, канцеларијата на народниот правобранител, службени весници а не ретко и преку директна помош од адвокат.

Второто прашање **“Дали младите во општина Струмица се вклучени во процесот на донесување на одлуки”** резултираше со тоа што **59,9%** или **127** проценти одговорија позитивно на прашањето, а остатокот или **40,1**% или **85** испитаници одговорија дека младите не се вклучени во процесите на донесување на локално ниво.




Третото прашање се однесуваше на **“Дали сте биле дел од организација која активно учествувала во процесот на донесување на одлуки на локално ниво?”.** Огромно мнозинство од оговорите кои ги добивме од испитаниците беа дека никогаш не биле дел од таква организација или тоа се **80,2%** или **170** испитаници, додека само **42** испитаници или **19,8%** одговорија дека се биле членови на одредена организација.



Како потпрашање на третото прашање со предуслов да биле активни во одредени организации **“Во кои организации сте биле активни?”** добивме имиња на различни организации кои делуваат локално, регионално и национално. Како такви беа спомнувани невладини организации, политички ограноци, средни училипта, иницијативи, учество во Форум на заедниците при општина Струмица како дел од одредена група и општината.

Дел од невладините организации кои беа спомнати од страна на испитаниците се: Младински Совет Струмица, Мобилност Струмица, Дистрофија Струмица, Здружение НОВУС, Здрава Котлина и Центар на заедницата на општина Струмица.

Четвртото прашање **“Дали сте биле дел од некоја активност или иницијатива која ги засега младите”** беше со мнозинство на одговори кои што се негативни во однос на тоа што значи дека не биле дел од било каква активност или иницијатива што ги тангира младите. Речиси **68 проценти** или **142** испитаници одговорија дека не биле дел, додека само **32 проценти** или **67** испитаници рекоа дека биле дел од одредена иницијатива или активност во врска со младите.



На наредното прашање **“Дали сте запознаени со Стратегијата за млади која ја имплементира општина Струмиаца”, 64** од нашите испитаници одговорија дека знаат за кој документ станува збор што претставува само **30,2%** од вкупниот репрезентативен примерок, додека поголемиот број на испитаници или **148** одговорија дека не знаат за што станува збор.




Шестото прашање **“Дали сметате дека треба да се изработи платформа за информирање каде ќе се огласува за сите настани, активности, обуки кои ги засегаат младите од општина Струмица”,** даде речиси едногласен позитивен одговор дека треба таква информативна платформа. Од вкупниот број на испитаници дури 192 одговорија потврдно, додека само 20 одговорија дека на младите не им треба таква платформа.




Како потпрашање на претходното прашање како предлози за платформата преку која треба да се објавуваат информации за сите активности и настани од интерес на младите добивме

одговори дека истите треба да се објавуваат преку : веб страница специјализирана само за младите, социјални медиуми, гласила од јавен карактер, видео бим поставен на јавно место, е-маил, летоци и флаери, организирање на младите во организации итн.

Како седмо прашање од анкетниот прашалник **“Што недостасува во општина Струмица што е од интерес на младите?”,** собравме доста интересни одговори и предлози на кои што може да се влијае во локалната заедница да се остварат истите.

Како такви беа:

- Кино сала
- Младински културен центар
- Повеќе работни места за младите
- Вистински културни настани
- Поголема инволвоираност на младите во локалната заедница
- Квалитетни спорски игралишта
- Мрежа за младинско делување
- Обуки и неформална едукација
- Градски базен
- Младинска информативна платформа

На крајното прашање од анкетниот прашалник **“Како ја оценувате работата на општината и институциите во однос на младите?”,** испитаниците дадоа одговори во однос на тоа по метод на скала од 1 до 5 , каде 1 е најниска оценка и претставува лошо фунцкионирање на општината во интеракција со младите, а 5 е највисоко и преставува одлично функционирање.



## *Заклучоци*

Од спроведеното истражување и од резултатите кои што ги добивме можеме да заклучиме дека општината, институциите и организациите треба доста да работат со младите луѓе на нивно доедуцирање и доинформирање кога станува збор за нивните права, слободи но и обврски. Од резултатите добивме дека скоро половина од нив не знаат од каде можат да се инфомираат за нивните човекови права, но загрижувачки е фактот дека дури и дел од оние кои што сметаат дека го знаат одговорот на ова прашање не е точен.

Како дополнително на ова, поголем дел од младите, скоро 2 третини имаат мислење дека младите учествуваат во процесите на донесување на одлуките на локално ниво, што е во контраст со другиот податок кој што го добивме и покажува на големата неактивност, незаложба и непридонес од нив кон одредени цели преку активноста во организации или било какви иницијативи. Мнозинство од младите немаат никакво учество, ниту пак придонес ниту во одредена организација или иницијатива која се има случено на локално ниво.

Исто така од истражувањето може да се види и дека само 30 проценти од младите знаат за Стратегијата за млади што ја имлплементира општината и е од директен бенефит за сите млади луѓе. Како надоврзување на овој податок покажуваат и резултатите кои беа добиени на следното прашање каде младите беа речиси едногласни дека на локално ниво има огромна потреба од информатор или платформа за споделување на информации кои што ќе ги засегаат младите или се од нивен директен интерес, како настани, обуки, забавни и култирни случувања, новини, потенцијални можности за вработување или стипендирање итн.

Во однос на работата на локалната самоуправа насочена кон младите, најголем дел од нив дека истата е одлична или добра што изнесуваше некаде околу 3 четвртини од вкупниот број на испитаници.